Здружение МАКЕДОНСКИ КОМИТЕТ ЗА ГОЛЕМИ БРАНИ - ЗМКГБ Скопје
тел. 02 3116-066, лок. 135, лок. 136, факс. 02 3118-834, http://www.macold.org.mk
Адреса: Градежен факултет - Универзитет Св. Кирил и Методиј,
бул. Партизански одреди, 24, 1000 Скопје, РС Македонија
Жиро сметка: 300000001888141, Трансакциска сметка за донации 300000004369692
ЕДБ/МК: 4030002505887, Комерцијална банка АД-Скопје

# ЗАПИСНИК
# од 6. седница на претседателството на ЗМКГБ, одржана на 4.4.2023 година

(верзија 2023-04-04)

Скопје, април 2023 година

## ЗАПИСНИК

од **6.** седница на претседателството на ЗМКГБ,
одржана на 4.4.2023 година

На Седницата, одржана преку интернет со почеток во 14:00 часот, присуствуваа членовите на претседателството и надзорниот одбор:

1. Љупчо Петковски, претседател на ЗМКГБ,
2. Стевчо Митовски, потпретседател на ЗМКГБ
3. Славко Милевски, ген. секретар на ЗМКГБ,
4. Игор Николоски, член на претседателство
5. Фросина Пановска, тех. секретар на ЗМКГБ (замена на Лидија Зафировска, член на претседателство)
6. Јован Б. Папиќ, член ан ЗМКГБ (замена за Игор Пешевски, член на претседателство)

Најавено отсутни на седницата:

1. Драги Дојчиновски, член на претседателство
2. Илија Кондински, член на претседателство
3. Даниел Цеков, член на надзорен одбор

Ненајавено отсутни на седницата:

1. Ѓорѓи Чакаровски, член на претседателство
2. Ибраими Шпресим, член на претседателство
3. Драган Димитриевски, член на претседателство
4. Здравко Јаковлевски, член на надзорен одбор
5. Орце Мангаровски, член на надзорен одбор

На Седницата, беа поканети и членови на Редакцискиот и Организациониот одбор за идните манифестации на здружението за брани. Од поканетите, немаше присутни.

Седницата, одржана со програмот ZOOM (без физичко присуство), ја отвори претседателот на ЗМКГБ, Љупчо Петковски. На почетокот на Седницата беше дополнет и усвоен следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на записникот од 5**.** седница на Претседателството на ЗМКГБ, одржана на 10.2.2023.
2. Стручна посета на брани во Грција, во период 23.4.2023 (Недела) – 26.4.2023 (Среда).
3. Разно.

За секоја од наведените точки од Дневниот ред се разви дискусија со следниве

**ЗАКЛУЧОЦИ**

**Точка 1. Записник од претходната седница**
Записникот од 5. Седница на Претседателството, финалната верзија, е доставен до сите членови на Претседателството на ЗМКГБ, и во однос на текстот на истиот не се констатирани забелешки, по што едногласно се усвои.

**Точка 2. Припрема за стручна посета на брани во Грција**
На 17.2.2023 е добиена обновена Понуда од ТА САВАНА на износ 12,400 мкд/лице, или 200 евра/лице за двокреветна соба, за минимум 40 патници. Претседателството на ЗМКГБ, со изјаснување на членовите преку е-пошта на 17.2.2023, одлучи да се прифати Понудата од туристичката агенција САВАНА. На 17.2.2023 до членството на ЗМКГБ и потенцијалните учесници испратена е Информација бр.1 за Уплата на аванс за стручна екскурзија со посета на брани, хидроцентрали и други хидротехнички објекти во Грција, 23-26.4.2023 година.

Според информација од ТА Савана од 3.4.2023, заклучно со 31.3.2023 е уплатен аванс од 18 учесници, со дополнителна потврда од ЕСМ за уште 2, така што заклучно со 4.4.2023 се евидентирани 20 учесници. Токму поради исклучително малиот број на учесници со уплатен аванс, свикана е денешната седница.

Можни се следните сценарија, по кои денес треба да се донесе одлука, зашто крајниот рок за уплата на остатокот до целосниот износ во ТА САВАНА е 8.4.2023 година.

Прво сценарио е да се откаже студиското патување.

Второ сценарио е да се реализира стручната екскурзија, но со зголемена цена. Новата понуда (од 4.4.2023) од ТА Савана за 20 учесници е мал автобус со 30 седишта и цена од 280 евра/учесник. Цената по лице да биде 200 евра. Во таков случај, ЗМКГБ би требало да покрие 80 евра/лице за првите кои уплатиле аванс или 20*80 = 1,600 евра. Овој износ е поголем од претходниот од 20 евра/лице, кој беше усвоен за минимум 40 учесници, односно 40*20 = 800 евра. Затоа, неопходна е Одлука на Претседателството на ЗМКГБ.

Има и трето сценарио, но за жал е хипотетичко во моментот и нема смисла да се гласа по него. Има најава за уплата до крајот на неделата за повеќе од 10 учесници од АД ВС. Така бројот би надминал 30, а според Понудата од ТА Савана (од 4.4.2023) за голем автобус цената би била 240 евра/лице. Тогаш, ЗМКГБ би требало да покрие 40 евра/лице за првите 30 учесници кои уплатиле аванс или 30*40 = 1,200 евра. Значи, ако биде усвоена второто сценарио, и ако до крајот на седмицата биде исполнето третото сценарио, тогаш, без свикување на нова седница на Претседателството ќе биде реализирано третото.

Со гласање на присутните членови, со шест гласа ЗА, едногласно се усвои второто сценарио.

Информација бр.2 за стручната екскурзија со посета на брани, хидроцентрали и други хидротехнички објекти во Грција, 23-26.4.2023 година да биде доставена до потенцијалните учесници и до ТА Савана во текот на денешниот ден.

**Точка 3. Разно**
Немаше дискусии.

* * *

На крајот Љ. Петковски им се заблагодари на присутните за активното учество, им посака добро здравје и успешна Стручна посета на брани во Грција во април 2023, по што ја затвори седницата.

Седницата заврши во 14:45 часот.
Записничар,
Асист. м-р Фросина Пановска

Скопје,
4.4.2023 година

Претседател на ЗМКГБ,

Проф. д-р Љупчо Петковски

Дополнувања на записникот:
******************************************************
******************************************************